# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации



ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Наслов:**
Подобрување на заштитата од дискриминација врз маргинализираните заедници
Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права

**За издавачот:**
Неда Здравева, претседателка на Хелсиншкиот комитет за човекови права

**Уредничка:**
Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права

**Ко-уредници:**
Александар Јованоски и Тона Карева

**Автор:**
Наташа Бошкова

**Лектура:**
Роберт Раман

**Превод на албански јазик:**
Шенаси Јаји

**Графички дизајн:**
Масива ДООЕЛ Скопје

**Формат:**
Електронска верзија

Скопје, октомври 2022

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# 1. Вовед

Еднаквоста претставува гаранција дека секој поединец има можност да искористи најмногу што може од својот потенцијал. Никој не треба да има помали шанси за успех поради начинот, времето и местото на раѓање, верувањата што ги има или затоа што поседува друга карактеристика што го/ја прави различен од останатите. Еднаквоста го препознава фактот дека одредени луѓе се припадници на групи кои историски биле третирани поинаку и понеповолно поради својата раса, попреченост, пол, сексуална ориентација, родов идентитет или која било друга карактеристика.

Долгогодишната работа на граѓанските организации кои обезбедуваат услуги за маргинализираните заедници, истражувањата спроведени на терен и мапирањето на состојбата реализирано за потребите на овој документ, покажуваат дека одредени групи сè уште се соочуваат со предизвици да си ги остварат своите основни права и слободи.

Обезбедувањето формална еднаквост со Уставот и законите и признавањето дека сите луѓе се еднакви пред законите можат да помогнат во борбата со негативните стереотипи и предрасуди кон одредени луѓе, но не можат да понудат решавање на проблемите кои историски постојат и се негуваат како резултат на различностите помеѓу жените и мажите, различните етнички заедници, луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Интерсекционалноста е теоретска рамка за разбирање на начините на кои некои аспекти од општествените и политичките идентитети на поединците како родот, расата, класата, сексуалноста можат меѓусебно да се комбинираат во создавање уникатни модели на дискриминација. Интерсекцискиот феминизам претставува квалитативна аналитичка рамка која ги идентификува начините на кои испреплетените системи на моќ ги засегаат најмаргинализираните во општеството. Концептот на интерсекционалност произлегува од критиката на хегемонијата на белиот феминизам и е воведен од Креншоу (1994) во нејзината студија за меѓусебната поврзаност на расата и родот во насилството врз црните жени. Понатаму, концептот го развиваат и останатите теоретичари кои меѓусебно се преклопуваат и даваат различни перспективи на односите на моќ на одделни социјални групи и нивниот пристап до институционална моќ и привилегија. Според Колинс (1998), расата, класата и родот се највидливи категории со најдиректни социоекономски последици и ги засенуваат поновите категории како што се возраст, религија, сексуален идентитет и попреченост. Интерсекционалноста укажува на специфична форма на дискриминација, опресија и маргинализација која е резултат на меѓусебно влијание на две или повеќе лични карактеристики.

Правната рамка за спречување и заштита од дискриминација овозможува примена на концептот на интерсекционалност во правото и правниот контекст со цел обезбедување подобра заштита од дискриминација на ранливите групи граѓани. Токму затоа, документот има за цел да ги потенцира клучните проблеми со кои се соочуваат Ромите, луѓето кои живеат во руралните средини, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници, делувањето на граѓанските организации кои обезбедуваат бесплатна правна помош на овие групи и можноста за подобрување на состојбата преку примена на концептот на интерсекционалност согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Документот е подготвен за потребите на трите организации кои ја спроведуваат активноста, а врз основа на мапирањето на состојбата со маргинализираните заедниците со кои работат граѓанските организации ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, Станица П.Е.Т. Прилеп и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија во рамки на Проектот Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија, поддржан од Цивика Мобилитас.

# 2. Интерсексционалноста во националната правна рамка

Правната рамка во Северна Македонија, вклучувајќи го и Уставот, обезбедува формална еднаквост преку одредбите кои признаваат дека сите луѓе имаат еднакви права и слободи загарантирани со закон и еднаква примена на законите од страна на државните органи. Уставот ги признава ратификуваните меѓународни договори како составен дел од домашното право и обезбедува нивна директна примена со повисока правна сила од законите и подзаконските акти. За формалната еднаквост да биде постигната, доволно е да постои правна рамка во согласност со која сите луѓе се еднакви во однос на уживањето на правата и слободите и притоа не е важно каков е ефектот врз различните групи граѓани. Од друга страна, суштествената или материјалната еднаквост бара да се земе предвид структурната и индиректната дискриминација и ги зема предвид односите на моќ во општеството. Таа наметнува потреба од пошироко толкување на поимот еднаквост и подразбира фактичко спроведување на формалната еднаквост во секојдневниот живот. За да се постигне материјална еднаквост, потребно е да се разберат и да се земат предвид различностите што постојат помеѓу различни групи, со што ќе се спречи ефектите на законите, политиките и практиката да дискриминираат одредена група или поединци.

Основниот принцип врз кој се заснова Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2020 година е принципот на еднаквост. Законот за спречување и заштита од дискриминација забранува интерсекциска дискриминација и ја третира како потежок облик, дефинирајќи ја како дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани (член 4 и 13, ЗСЗД). Во реалниот живот, колку повеќе поединецот се разликува од „нормалната слика“, толку поверојатно е да биде жртва на повеќекратна дискриминација и, истовремено, помалку веројатно е да добие соодветна заштита од овој вид на дискриминација. Кога зборуваме за повеќекратна дискриминација, треба да имаме предвид дека таа има два појавни облици, односно кумулативна и интерсекциска дискриминација. ЗСЗД ја дефинира повеќекратната дискриминација како дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи, што во пракса може да се случи исто лице во различни ситуации да биде жртва по различни основи. Од друга страна, интерсекциската дискриминација се случува кога две или повеќе основи оперираат заедно и заемно придонесуваат кон актот на дискриминација. Интерсекциската дискриминација може да се јави како директна, индиректна, одбивање разумно приспособување или вознемирување. Сите овие облици на дискриминација се препознаени во Законот за спречување и заштита од дискриминација и со соодветна примена на одредбите и нивно меѓусебно поврзување

може да се изгради случај кој ќе ја адресира интерсекциската дискриминација пред институциите и преку кои ќе се направи видлива интерсекциската дискриминација и ќе се заштитат жртвите.Секој од нас е комбинација на карактеристики и припадности кои создаваат идентитети што се преклопуваат и создаваат подгрупи со специфични проблеми и потреби, поради што е важно да ја разбереме структурата на моќта и исклучувањето, односно како работите функционираат во дадениот контекст. Интерсекциската дискриминација препознава дека поединците не доживуваат дискриминација како членови на хомогена група, туку повеќе како индивидуалци со повеќедимензионални слоеви и идентитети, статуси и животни околности. Тоа значи да се вреднува и признае проживеаната реалност и искуство на зголемена нееднаквост на поединец што е предизвикана од повеќекратна и интерсекциска форма на дискриминација, што подразбира насочени мерки во однос на прибирање податоци, консултации, подготовка на политики и спроведување ефикасни правни лекови.

Вклучувањето на овие аспекти во антидискриминаторското законодавство бара поглед одблизу на улогата на „групата“ и „основите“. Она што е важно не е основот на кој се фокусираме, туку како таа карактеристика е во релација со останатите. Сите имаме род, раса, етничка припадност, сексуална ориентација или возраст. Анализирајќи ги релациите, може да се види дека одредени карактеристики можат да сигнализираат привилегија, додека други да значат дополнителна ранливост на дискриминација. Ова укажува дека односите на моќ не делуваат само вертикално – тие делуваат дијагонално и во повеќе слоеви. Така на пример, Ром може да биде релативно попривилегиран во однос на жените во својата заедница, но да биде обесправен во однос на мажите и жените од мнозинството. Затоа, примената на правилото: „Третирај ги истите исто“ е ограничувачка во постигнувањето суштествена еднаквост.

Законот за спречување и заштита од дискриминација е редок пример на документ што ја препознава припадноста на маргинализирана група како основ за заштита од дискриминација. За полесно да се стави во функција оваа одредба, законодавецот ја дефинира маргинализираната група како „група од поединци кои ги обединува специфичната положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите“. За лица заштитени на оваа основа може да се сметаат лицата за кои постои поголема веројатност да бидат дискриминирани по различни основи. Според Котевска, најчесто во оваа група се вбројуваат лицата кои живеат со ХИВ, бездомниците, бегалците, сексуалните работнички, итн., а во одредени случаи може да се вбројат и етничките заедници или религиските групи (Котевска, 2013).

Дополнително, Законот за превенција и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, како и Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018-2023, покрај тоа што ги препознаваат различните форми на родово базирано насилство, ги земаат предвид различните или интерсекциските идентитети на жртвите на родово базирано насилство и предлагаат мерки кои се насочени кон ранливите групи на жени, како на пример бремени жени, жени со деца и деца со попреченост, самохрани мајки, жени со попреченост, жени од рурални средини, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, мигрантки, бегалки, барателки на азил, жени без државјанство, лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе, жени кои живеат со ХИВ, бездомнички, жени жртви на трговија со луѓе, повозрасни жени, материјално необезбедени жени и други. Последниот развој на политиките на домашно ниво е потенцијал за идентификување на разликите во односите на моќ, фокусирајќи се на еднаквоста на резултатите, еднаквите можности или достоинството како замена за еднаков третман што ќе ни помогне да се придвижиме од формалната кон суштествената еднаквост.

# 3. Состојбата со интерсекциската дискриминација во Северна Македонија

## Наоди од извештаите на граѓанските организации кои работат со маргинализираните заедници

Непрепознавањето и неуважувањето на различните позиции, искуства и идентитети е една од основните повреди што доведува до маргинализацијата, како уште еден аспект на исклучувањето, односно дискриминацијата и нееднаквиот третман. Значајно истражување спроведено неодамна укажува на сериозните последици што (не)вклучувањето и отсуството на претставувањето во процесите на одлучување во јавниот живот и сфера, влијае врз менталното здравје на маргинализираните заедници. Според истото истражување, нијансирано и слоевито опфаќање на прашањето на дискриминација и нееднаквост овозможува длабоко читање и разбирање на различните димензии на неправдата согледани преку секојдневните индивидуални искуства на нееднаквост, стереотипизација, дехуманизација, лишување, насилство и микронасилства, отсуство од јавниот домен и од процесите на носење одлуки и со тоа целосна социјална маргинализација (Блажева и Димитров, 2022).

Истражувањата покажуваат дека социодемографските карактеристики на заедниците кои се соочуваат со правни проблеми во Република Северна Македонија укажуваат на значителни разлики во пристапот до правда. Постои значителен степен на непрепознавање одредени форми на насилство или кршење на човековите права кај групите кои не го уживаат социјалниот статус на мнозинството или кај оние кои не се дел од привилегираните групи. Организациите кои работеа на мапирањето на состојбата со дискриминација врз маргинализираните заедници се дел од Мрежата за заштита од дискриминација и во изминатата деценија самостојно и здружено со останатите организации од Мрежата за заштита од дискриминација спроведуваат активности за промоција, превенција и заштита од дискриминација.

Мапирањето се спроведе во рамките на Проектот Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права, Станица П.Е.Т. и Здружение ХОПС. Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со Мрежата за заштита од дискриминација спроведува мониторинг на спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација преку следење на работата на механизмите за заштита од дискриминација, следење на судските постапки за заштита од дискриминација и следење на работата на Комисијата за

спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Неретко маргинализираните заедници се жртви на структурна дискриминација што е резултат на правила, норми, рутини, ставови и однесување во институциите и другите општествени структури кои претставуваат пречка во нивниот пристап до правата и можностите како и останатите. Според информаторот на Мрежата за заштита од дискриминација, само во првата половина од 2022 година до организациите членки пријавени се 58 случаи на дискриминација; најголем број се случаи на дискриминација врз основа на етничка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост, здравствена состојба и друго. Областите во кои најчесто се случува дискриминација се пристапот до добра и услуги, здравството и работните односи.[1]

Луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки се едни од најмаргинализираните заедници, кои се постојано изложени на дискриминација од институциите и од општеството.[2] Истражувањето за правните проблеми и пристапот до правда спроведено од ХОПС покажува дека луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки во Македонија се соочуваат со десеткратно повеќе правни проблеми во споредба со општото население во државава. Истовремено, ниската правна писменост, недовербата во институциите и системската дискриминација, меѓу другите фактори, ги спречуваат граѓаните од овие заедници да бараат заштита на своите права и остварување правда по институционален пат. Со ова се потврдува нивната висока ранливост, како и потребата за унапредување на пристапот до информации, правно советување и заштита.

Луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки многу често се жртви на интерсекциска дискриминација поради припадност на маргинализирана група, пол, национална или етничка припадност, родов идентитет или здравствена состојба.[3] Употребата на дроги е силен извор на стигма и дискриминација, а дополнително родот, етничката припадност и социјалниот статус ги прави поранливи на дискриминација и насилство. Слично, и сексуалните работници/чки се соочуваат со дискриминација; најпрво поради фактот што се занимаваат со сексуална работа, а дополнително нивната етничка припадност, социјален статус, пол, род и родов идентитет ја зголемуваат ранливоста на дискриминација. Одредени сексуални работници/чки дополнително се дискриминирани и поради тоа што употребуваат дроги.

Областите во кои најчесто доживуваат дискриминација луѓето што употребуваат дроги се пристапот до здравствени услуги и вработувањето. Според претходно споменатото истражување спроведено од страна на ХОПС, 57 % од лицата кои

[1] Мрежа за заштита од дискриминација. Информатор за дискриминација јануари-април 2022, 2022. Достапно на: https://bit.ly/3LrBwvM
[2] ХОПС – Опции за здрав живот Скопје. Мапирање – Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје Интерсекциска дискриминација, 2022.
[3] ХОПС – Опции за здрав живот Скопје. Мапирање – Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје Интерсекциска дискриминација, 2022.

употребуваат droги пријавиле барем еден проблем  поврзан со права од здравствена заштита, а 38 % од лицата кои употребуваат дроги се соочиле со дискриминација од страна на медицински персонал. Пристапот кон остварување на правото на лекување по издржување казна затвор е отежнат бидејќи дел од нив по издржувањето на казната затвор излегуваат во заедницата без документи за лична идентификација и здравствено осигурување, кои им се неопходни за да продолжат да се лекуваат со супституциски третман на лекување со метадонска терапија. Од 2012 година досега, ХОПС има регистрирано околу 63 случаи на лица што употребуваат дроги кои завршиле со издржување казна затвор, а поради тоа што немаат документ за лична идентификација и здравствено осигурување, не биле во можност веднаш да продолжат со лекување.

Поради стигмата кон дрогите, луѓето кои употребуваат дроги тешко добиваат вработување, а и оние ретките кои успеваат да се вработат го кријат својот статус поради страв од отпуштање. Најчести проблеми со кои се соочуваат во областа на работни односи се: одбиено вработување поради дискриминација (50 %), работа без договор – непријавени без здравствено и социјално осигурување (72 %), изгубена работа или закана со отказ поради дискриминација (33 %), работа во небезбедни или опасни услови (52 %).

Анализата на состојбата со сексуалните работници/чки на терен покажува колективно искуство на насилство кое доаѓа од различни субјекти. Така на пример, пред повеќе од една деценија, истражувањата покажуваат дека примарен извршител на насилство врз сексуалните работници е полицијата, додека последните истражувања укажуваат на намален број случаи од полицијата, а значителен пораст на насилство од клиенти и партнери. Сепак, и во случаите кога полицијата не е извор на насилство, отсуството на соодветна реакција по пријавеното насилство резултира со повеќекратна виктимизација на сексуалните работници/чки од страна на полицијата и пораст на недовербата во иднина да се пријави каква било повреда. Неретко сексуалните работници/чки пријавуваат дека се жртви на злоупотреба од полициски службени лица и се соочуваат со вознемирувачки говор и непостапување при обидите да пријават насилство. Сериозен проблем е фактот што институциите, особено полицијата и јавното обвинителство, не пристапуваат со должно внимание и кога станува збор за сериозни кривични дела – фемицид. Во последните три години евидентирани се три случаи на убиства на сексуални работнички за кои отсуствува темелна и ефикасна истрага и казнување на сторителите.

Здружението Станица П.Е.Т. работи со маргинализираните заедници во градот Прилеп со фокус на Ромската заедница, руралните заедници од регионот Мариово (Општина Прилеп), како и со двете рурални општини Кривогаштани и Долнени.[4] Луѓето

[4] Станица П.Е.Т. Мапирање – Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, 2022.

од руралните средини кои живеат во области оддалечени од институциите, со оштетена или без воопшто никаква патна инфраструктура, имаат отежнат пристап до права и услуги кои ги обезбедуваат институциите лоцирани во урбаните средини. Така на пример, луѓето кои живеат во Мариовскиот регион, за обезбедување основни права и услуги, треба да одат до најблискиот град – Прилеп, за што треба да поминат повеќе од 100 километри во дата правци.

Според мапирањето спроведено во рамки на Проектот Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија, ромското население во општина Прилеп, како и останатите маргинализирани групи, иако се наоѓа во градското подрачје, се соочува со други предизвици во пристапот до правата и услугите. Така на пример, немањето соодветна документација, недоволното знаење и информации за своите права, комплицираните постапки за остварување на правата, сегрегацијата и гетоизацијата на ромската заедница резултираат со низок степен на образование и ограничен пристап до пазарот на трудот, ги прави ранливи на дискриминација и насилство. Како резултат на тоа, многу Роми живеат во супстандардни услови, често се борат со пренатрупаност и без пристап до санитарни услови, безбедна вода за пиење, електрична енергија, улично осветлување или јавен превоз. Домувањето, стигмата и дискриминацијата врз Ромите, образованието и можноста за вработување и заработка, пристапот до храна, чистите вода и воздух и писменоста влијаат на должината и на квалитетот на нивниот животен век. Студијата спроведена во 2014 година покажа дека постои разлика во однос на здравствената состојба, пристапот до здравствената заштита и остварувањето на здравствените права помеѓу ромското население и населението од другите етнички заедници. Социјалните детерминанти на здравјето влијаат и на пошироката нееднаквост и насилство врз Ромите. Здравјето кај Ромите се карактеризира, пред сѐ, со повисока стапка на појава на хронични заболувања, како и пократок животен век за десет години од останатото население.

Мапирањето на состојбите од страна на граѓанските организации вклучени во спроведувањето на проектот покажува дека најчест начин на реакција на случаи на дискриминација е поднесување претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација или Народниот правобранител, а помал е бројот на поведени судски постапки. Така на пример, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) утврди директна дискриминација врз основа на сексуална ориентација од страна на Здружение на граѓани Мотоклуб Пелистер од Битола. По препораката на КСЗД, клубот ја смени својата политика на пристапување и ја отстрани дискриминаторската објава од социјалната мрежа Фејсбук. Исто така, КСЗД има утврдено директна дискриминација врз основа на родов идентитет на трансродова жена, чиј пристап до лек бил ограничен од страна на вработена во аптека, како и дискриминација врз основа на родов идентитет на трансродов маж кој бил отпуштен од работа поради својот статус. Исто така, КСЗД има утврдено дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и етничка припадност врз Роми кои се соочиле со ограничен пристап до добра и услуги, односно не можеле да

користат јавен превоз, да посетат угостителски објект или да одат на базен. Ова се неколку примери каде граѓанските организации успеале да направат промени преку индивидуални случаи и да ги заштитат ЛГБТИ луѓето и Ромите од дискриминација.

По донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Мрежата за заштита од дискриминација ги поддржа организациите членки во поднесување индивидуални и тужби од јавен интерес со цел обезбедување поефикасна заштита од дискриминација. Активисти од здружението СТАНИЦА П.Е.Т. поднесоа тужба против угостителски објект во Прилеп поради дискриминаторско однесување кон Ромите од страна на овластените лица и вработените и ограничувањето на влезот поради нивна реална и претпоставена припадност на ромската заедница. Хелсиншкиот комитет за човекови права по донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, поднесе две тужби од јавен интерес – *actio popularis* – за справување со дискриминација со сегрегација на Роми во образованието и дискриминација на лицата со попреченост во пристапот до правото на глас. Исто така, преку Мрежата за заштита од дискриминација поднесена е *actio popularis* против учебник што е дел од наставна програма на Филозофскиот факултет во Скопје кој, меѓу другото, ги обвинува жените за зголемениот број на разводи, го осудува прекинувањето на бременоста и ги квалификува истополовите партнерства како забеганост. Оваа постапка е обид да се отстрани спорна содржина и да се спречи ширење проблематична содржина помеѓу студентите по психологија кои подоцна како професионалци ќе работат во помагачка професија, чии корисници треба да бидат токму маргинализираните заедници.

Најголем дел од проблемите со кои се соочуваат маргинализираните заедници произлегува од длабоко вкоренетата пракса на институциите кои постапуваат со предрасуди кон различните и луѓето кои отстапуваат од хетеронормативната слика за поединецот. Токму затоа, справувањето со дискриминацијата кон најмаргинализираните групи бара сеопфатно делување и комбинација на алатки и стратегии кои нема да се ограничат на покренување индивидуални случаи, туку ќе придонесат кон трансформација на институциите и пофер распределба на моќта во општеството. Во продолжение документот дава насоки за делување на граѓанските организации во искористувањето на законските можности во комбинација со нивното знаење и директниот пристап до маргинализираните заедници.

# 4. Заклучни согледувања

## Можности за користење на интерсекцискиот пристап од страна на граѓанските организации кои работат со маргинализирани заедници

Очигледно е дека дискриминацијата со која се соочуваат маргинализираните заедници е системска, односно се генерира и негува преку праксата на институциите и широко е распространета и длабоко вкоренета во општественото однесување и организација. Системската дискриминација функционира или се одржува преку норми, рутина, начини на однесување кое создава пречки во постигнување суштествена еднаквост или еднакви можности. За справување со структурната дискриминација, не е доволно само да се донесе закон или политика; напротив, уште поважно е да се испланира серија активности кои ќе го променат однесувањето и начинот на кој институциите функционираат. За да се постигне ова, потребно е да се даде повеќедимензионален и системски пристап кон еднаквоста која го надминува индивидуалистичкиот пристап кон искуствата на дискриминација. Оттука, може да се заклучи дека интерсекционалноста може подобро да се адресира доколку се користат и други алатки за позитивна акција отколку единствено преку индивидуални претставки и судски случаи за заштита од дискриминација.

Можноста за поднесување тужби од јавен интерес, *actio popularis,* преку кои ќе се адресираат колективните искуства на нееднаквост на одделни групи во поедини области, се потенцијал за промена која ќе излезе од рамките на решавање индивидуален случај. Видливоста на овие судски постапки во јавноста, вклучувањето на стручната и општата јавност во дискусијата за интерсекциската дискриминација на маргинализираните заедници, нивните искуства во дадениот социоекономски и политички контекст, се можност за отворање поширока дебата за преземање други мерки за справување со дискриминацијата.

Препознавањето на интерсекциската дискриминација во Законот за спречување и заштита од дискриминација овозможува правната рамка да одговори на дискриминацијата на начинот на кој таа се доживува од страна на ранливите групи. Имајќи предвид дека целта е постигнување суштествена еднаквост, важно е да се идентификуваат и други полиња за делувања кои се потенцијал за реформа. Мапирањето на состојбата со маргинализираните заедници и делувањето на граѓанските организации за справување со дискриминацијата покажуваат потреба од дополнително освестување и градење на нивните капацитети за комплексноста на интерсекциските идентитети и потребата од делување надвор од постапките за заштита од дискриминација пред достапните механизми за заштита од дискриминација. Заложбите за донесување закони со кои ќе се подобри статусот на одделни заедници,

застапување за реформи во образовниот систем, подобрување на системот за социјална заштита и препознавање на маргинализираните групи, а особено комплексноста на одделните групи како пообесправени поради истовремената испреплетеност на повеќе идентитети кои треба да се земат предвид при креирањето позитивна акција.

Организациите вклучени во мапирањето на различен начин собираат различни видови на податоци поврзани со случаи на дискриминација. Собирањето на податоците е потребно за правилно да се разбере феноменот на дискриминација во општеството или во одделна заедница. Ефикасните политики и програми треба да се засновани на веродостојни податоци собрани од различни извори. Податоците можат да обезбедат увид во распространетоста и влијанието на дискриминацијата врз одделните групи, особено ако се комбинираат различни видови на податоци. Организациите спроведуваат истражувања, анализи на искуствата на маргинализираните заедници и нивните проблеми и потреби, собираат административни податоци за пријавените случаи, документираат случаи на дискриминација и го следат спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација преку праксата на КСЗД, Народниот правобранител и судовите. Документирањето на случаите е важен дел од праксата на управување со предмети и им помага на професионалците во организациите да водат евиденција за споделените искуства од страна на жртвата на дискриминација, што е преземено како дејствие за нејзина/негова помош и поддршка и да препознаат кои се клучните потреби за надминување на проблемот. Секоја од организациите, при работењето, има фокус на една или неколку маргинализирани заедници и најчесто се бележат податоците кои се карактеристични за таа група. Затоа, важно е при собирањето на податоците да се имаат предвид различните идентитети на поединецот и како тие во дадениот контекст го прават поранлив од останатите во групата.

Здруженијата ХОПС и Станица П.Е.Т. работат директно со сексуални работници, луѓе кои употребуваат droги, Роми, луѓе кои живеат во рурални средини соодветно и имаат директен пристап до нив. Хелсиншкиот комитет за човекови права е отворен за сите ранливи групи на кои им обезбедува бесплатна правна помош, а има Сигурна куќа како сервис скроен за потребите на ЛГБТИ луѓето. Преку своите сервиси, организациите го слушаат гласот на оние кои се најзасегнати од дискриминација. Интерсекционалноста подразбира препознавање на овие гласови и нивно значајно вклучување во напорите за подобрување на политиките и праксата на институциите, особено што тие најчесто се исклучени од јавните дискусии за прашања што нив најмногу ги засегаат. Во таа насока, улогата на граѓанските организации е да ги слушнат и уважат потребите на маргинализираните заедници и да им создадат безбеден простор за артикулација на нивните барања како клучни сугестии во подобрувањето на состојбите. Организациите преку своето делување треба да промовираат и поддржат вклучување на самите заедници во креирањето политики што се однесуваат на нив.

Интерсекционалноста бара отворено и креативно делување во обезбедувањето социјална правда и еднаквост на различните ранливи групи. Понекогаш се чини дека организациите застапуваат за повеќе различни, навидум неповрзани прашања. Но, ако се анализираат низ призмата на интерсекционалноста, може да се види дека овие одделни прашања од различни области имаат меѓусебно влијание. На пример, застапувањето за правата на сексуалните работници или обезбедувањето услуги за сексуални работници, често вклучува аспекти на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, расна дискриминација, родова еднаквост и влијае на праксата на институциите кон другите групи. Препознавањето на интерсекционалноста охрабрува меѓусебна соработка и вклучување на принципот на еднаквост во заедничкото делување на активистите, правниците, академските работници, културните работници со маргинализираните заедници. Токму ваков вид на соработка поттикнува воспоставување мрежи и воведување иновативни пристапи во трансформацијата на општеството и постигнувањето на суштествената еднаквост.

# 5. Препораки за унапредување на работата на граѓанските организации за адресирање на интерсекциската дискриминација

Врз основа на спроведениот мониторинг од страна на здруженијата кои го спроведуваа Проектот, како и анализа на состојбите на терен и можностите кои ги даваат новините во законската рамка за заштита од дискриминација, ги издвојуваме следните препораки:

→ Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за препознавање наинтерсекциската дискриминација;

→ Подигање на капацитетите на маргинализираните заедници да ја препознаат ипријават дискриминацијата до надлежните механизми за заштита од дискриминација;

→ Граѓанските организации да го подобрат системот на собирање податоци идокументирање на случаите на дискриминација, вклучувајќи ја и интерсекциската дискриминација;

→ Искористување на Мрежата за заштита од дискриминација за подобракоординација на напорите и ресурсите на граѓанските организации воправувањето со интерсекциската дискриминација;

→ Вмрежување на граѓанските организации кои работат со маргинализиранизаедници со други организации кои застапуваат за социјална еднаквост, правда изаштита на животната средина заради идентификување на заеднички точки надејствување;

→ Изнаоѓање финансиски средства за стратешко застапување случаи наинтерсекциска дискриминација и развивање стратегија за видливост на овиепостапки во јавноста.

# 6. Библиографија

Користена литература:


- Билјана Котевска. *Основи за заштита од дискриминација, ОБСЕ, 2013.*
- *Ана Блажева, Славчо Димитров. Секојдневниот и емоционалниот живот на неправдата, 2022.*
- *Ивица Цековски, Вања Димитриевски. Правни проблеми и пристап до правда на луѓето кои инјектираат дроги и сексуалните работници, ХОПС, 2018.*
- *Правни потреби на Ромите во Република Македонија, Патишта до правдата*, Реактор, 2018.
- Коруновска Ј., Коруновска Н. и Малеска Т. *Правни потреби и патот до правдата во Република Македонија*, Фондација Отворено Општество – Македонија, 2013.
- Бошкова Н. Штерјова Х. *Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуална работа во Република Македонија, ХОПС, 2017.*
- *Бошкова Н. Унапредување на процесот на закрепнување и навремена реакција на ромската заедница во кризни состојби преку партиципативно и проактивно дејствување*, Здружение ЕСЕ, 2021.
- Павловски Б., Антиќ Д., Фришчиќ Ј., Гелевска М., Мишев С., Касапинов Б. *СИТЕ сме луѓе: секому здравствена заштита без разлика на етничката припадност: состојбите во однос на здравјето, здравствената заштита и правото на здравје помеѓу Ромите во Република Македонија*. ФООМ. 2014.
- Vigdis Mathisen Olsvik. *Intersectionality used in the analysis of power relations in connection with abuse of women with physical disabilities*, Eastern Norway Research Institute, 2007.
- Grace Ajele, Jena McGill. *Intersectionality in law and legal contexts*, Women's Legal Education and Action Fund, 2020.
- Patricia Collins. *Intersectionality as Critical Social Theory*, 1998.
- Kimberlé Williams Crenshaw. *Mapping the Margins: Intersectionality, Identity Politics, and Violence against Women of Color*, 1994.
- *Compass, Manual for Human Rights Education with Young People*, Council of Europe, 2015.
- Smith B. *Intersectional Discrimination and Substantive Equality: A Comparative and Theoretical Perspective*. The Equal Rights Review, Vol. Sixteen (2016)

Правни документи:

- UN Committee on Economic, Social, and Cultural Rights, General Comment No.20, Non-discrimination in economic, social, and cultural rights, Identifying and Preventing Systemic Discrimination at the Local Level E/C.12/GC/20, 2009.
- Устав на Република Македонија
- Закон за спречување и заштита од дискриминација (2020)
- Законот за превенција и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021)
- Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018-2023

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации

